# ОПШТИНА
# МАВРОВО И РОСТУША

# 2014
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК Бр.3

**Среда 2 Април 2014 Rostu{e**

**Br. 3 God. HIX**

**32.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучоците за усвојување Менторскиот акциски план на Комисијата за родова еднаквост на половите за 2014 година на Општина Маврово и Ростуша

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучоците за усвојување Менторскиот акциски план на Комисијата за родова еднаквост на половите за 2014 година на Општина Маврово и Ростуша, број 07-136/3 што Советот на Општината Маврово и Ростуша го донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/1 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа /’’Службен Весник на Р.М “ број 05/2002/, а во согласност со член 15 став 1, точка 9 и член 25 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година.

Разгледувајќи го менторскиот акциски план на Комисијата за родова еднаквост на половите на Општина Маврово и Ростуша.

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.03.2014 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуша го усвои менторскиот акциски план на Комсијата за родова еднаквост на половите за 2014 година на Општина Маврово и Ростуша. За реализација на Менторскиот акциски план општината од Буџетот за 2014 година има обезбедено 60.000,оо денари.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, Комисијата за родова еднаквост на половите, менторот Жаклина Илкоска и архивата на Општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’.

Број 07-136/3 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**33.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на
Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, број 07-136/4 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/2 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 4 и член 25 став 1, точка 8 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.03.2014 година разгледувајќи ја Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Маврово и Ростуша за 2014 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуша ја усвои Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-136/4 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**34.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување
на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, број 07-136/5 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/3 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 4 и член 25 став 1, точка 8 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.03.2014 година разгледувајќи ја програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуша ја усвои Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Р.Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во

сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-136/5 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**35.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување
на Програмата за изработка, измена и дополна како и донесување на деталните урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови за вон населено место на територијата на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Програмата за изработка, измена и дополна како и донесување на деталните урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови за вон населено место на територијата на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, број 07-136/6 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/4 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 4 и член 25, став 1, точка 7 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.03.2014 година разгледувајќи ја програмата за изработка, измена и дополна како и донесување на деталните Урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови за вон населено место на територијата на Општина Мавроово и Ростуша за 2014 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуша ја усвои Програмата за изработка, измена и дополна како и донесување на деталните Урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови за вон населено место на територијата на Општина Мавроово и Ростуша за 2014 година.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 07-136/6 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**36.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за утврдување на зони и надоместок по зони за трошок за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Маврово и Ростуша

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за утврдување на зони и надоместок по зони за трошок за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Маврово и Ростуша, број 07-136/7 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/5 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

**37.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша'' број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одредување на локации за депонирање на цврст отпад во населените места на територијата на Општина Маврово и Ростуша

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одредување на локации за депонирање на цврст отпад во населените места на територијата на Општина Маврово и Ростуша, број 07-136/8 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/6 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 4 и член 25, став 1, точка 24 и 43 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година/, Советот на Општината на седницата одржана на ден 28.03.2014 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За одредување на локации за депонирање на цврст градежен отпад во населените места на територијата на општината

Член 1

Со оваа одлука советот на Општина Маврово и Ростуша одредува локации за одлагање, односно депонирање на интерен цврст градежен отпад, Комунален отпад на територијата на општината.

Член 2

Врз основа на согласносат од М.Заедници од населениете места во општината а за одлагање на цврст гардежен отпад на територијата на општината, се одредуваат следните локации по населени места

- **За населено место:**
  - Велебрдо – м.в Драги и м.в Вречиште,
  - Требиште – м.в Шпирово дере,
  - Ростуша – м.в над Станица,
  - Скудриње – м.в Столец,
  - Жировница – м.в Наумиште,
  - Маврово – м.в Кожа,
  - Аџиевци – на излезот од селото према Присојница.
  - Комуналниот отпад на комуналната депонија за регионот што ја користи ЈПКД ,,Маврово,, од Маврови Анови.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша,,.

Број 07-136/8 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**38.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с. Скудриње

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с. Скудриње, број 07-136/9 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/7 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 7 точка 2 , член 21 став 1, член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 60/11-пречистен текст), член 37 точка 7 од Статутот на Општината Маврово и Ростуша(„Сл. гласник“ бр 3/06) а во врска со член 2 алинеа 4 од Правинокот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанитичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), Советот на Општината Маврово и Ростуша на седницата одржана на ден 28.03.2014 година донесе:

ОДЛУКА
за пристапување кон измена и дополна на дел
од Урбанистичкиот план за с.Скудриње

Член 1

Со оваа одлука се пристапува кон измена и дополна на дел од Урбанистичкиот план за с._Скудриње_,

Кон оваа измена се пристапува кон **измена** по иницијатива на Општината Маврово и Ростуша.

**Измената** се прави со цел вклопување на објект во постојната урбанистичко планска документација за с. _Скудриње_ , заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11 и 56/11).

Член 2

Одлуката се донесува заради менување на просторот за Урбанитичкиот план, проширување на урбаниот опфат на Урбанистичкиот план, каде што според сегашната намена на просторот предвидена е изградба на објекти со намена Стопанство, а со одлуката се врши пренамена на просторот во зона живеалиште (ЖГ) со намена А1 .

Член 3

Со оваа одлука се врши пренамена на земјиштето на КП. бр. 2479 КО с.Скудриње.

Член 4

Одлуката произведува правно дејство со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуша.

Број 07-136/9 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**39.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за склучување на меморандум за

меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Маврово и Ростуша и Општина Џинар од Република Албанија

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за склучување на меморандум за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Маврово и Ростуша и Општина Џинар од Република Албанија, број 07-136/10 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/8 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на РМ” бр. 79/09), член 17 и 36 став (1) точка 14, и врз основа на член 14, став 4 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 05/02) и Статутот на Општина Маврово и Ростуша, Советот на Општина Маврово и Ростуша, на седницата одржана на ден 28.03.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за склучување на меморандум за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Маврово и Ростуша и Општина Џинари од Р.Албанија

**Член 1**

Се овластува советот и градоначалникот на општина Маврово ио Ростуша да потпишат меморандум за погранична соработка помеѓу општините Маврово и Ростуша и општина џинари од Република Албанија заради спроведување на заеднички проекти за заштита и унапредување на заеднички интереси.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Маврово и Ростуша.

Број 07-136/10 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**40.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Врбен

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Врбен, број 07-136/11 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/9 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 7 точка 2 , член 21 став 1, член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 60/11-пречистен текст), член 37 точка 7 од Статутот на Општината Маврово и Ростуша(„Сл. гласник“ бр 3/06) а во врска со член 2 алинеа 4 од Правинокот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанитичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), Советот на Општината Маврово и Ростуша на сеницата одржана на дне 28.03.2014 година донесе:

ОДЛУКА
за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена афостаница во иден Урбанистичкиот план за КО Врбен

Член 1

Со оваа одлука се врши вклопување на објект-ТС 10(20) / 0,4 кВ

„Врбен„ поставена на КП бр. 920 КО Врбен во идна урбанистичко планска документација-Урбанистички план за с. Врбен, заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11 и 155/12).

Член 2

Одлуката се донесува заради вклопување и усогласување на намените на земјиштето во урбаниот опфат на идниот Урбанистички план за с. Врбен, каде што според сегашната состојба, парцелата на која е изграден објектот, нема урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката произведува правно дејство со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуша.

Број 07-136/11 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**41.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ’’ број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ број 06/2008 (пречистен текст) и 13/2010/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Ничпур

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Ничпур, Општина Маврово и Ростуша, број 07-136/12 што Советот на Општината Маврово и Ростуша ја донесе на 14-тата седница одржана на ден 28.03.2014 година.

Број 08-139/10 Општина Маврово и Ростуша
31.03.2014 год.
ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 7 точка 2 , член 21 став 1, член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М.“ бр 60/11-пречистен текст), член 37 точка 7 од Статутот на Општината Маврово и Ростуша(„Сл. гласник“ бр 3/06) а во врска со член 2 алинеа 4 од Правинокот за стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанитичко планска документација („Сл. весник на Р.М“ бр. 56/11), Советот на Општината Маврово и Ростуша на седницата одржана на ден 28.03.2014 година донесе:

ОДЛУКА
за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистичкиот план за КО Ничпур

Член 1

Со оваа одлука се врши вклопување на објект-ТС 10(20) / 0,4 кВ „Ничпур„ поставена на КП бр. 104 КО Ничпур во идна урбанистичко планска документација-Урбанистички план за с. Ничпур, заради утврдување на правен статус на истиот, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/11, 54/11 и 155/12).

Член 2

Одлуката се донесува заради вклопување и усогласување на намените на земјиштето во урбаниот опфат на идниот Урбанистички план за с. Ничпур, каде што според сегашната состојба, парцелата на која е изграден објектот, нема урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката произведува правно дејство со денот на донесувањето од страна на Советот, а ќе се објави во „Службен гласник“ на Општина Маврово и Ростуша.

Број 07-136/12 Совет на Општина Маврово
28.03.2014 год. и Ростуша
Р о с т у ш а П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**42.**

Врз основа на член 75, став 1 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша" број 6/2008 – пречистен текст и 13/2010/, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ" број 05/2002/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша на ден 07.03.2014 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За доделување на финансиска помош

1. Се доделува финансиска помош во износ од 10.000,оо денари на лицето Адил Салиу, од с. Жировница, а за покривање на трошоци на социјално загрозено семејство.

2. Финансиските средства за оваа намена да се исплатат од Буџетот на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година, на трансакциона сметка 200002700060370 на име Адил Салиу.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша.

О б р а з л о ж е н и е

Со писмен допис, до Општината се обрати лицето Адил Салиу од с.Жировница, а за доделување еднократна финансиска помош за покривање на трошоци на неговото социјално загрозено семејство, во кое наведува дека паричните средства му се потребни за лични и семејни потреби. На основа гореизнесеното Градоначалникот го прифати барањето и во границите на можностите на Буџетот на општината се произнесе како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да вложи жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение до надлежното Министерство за локална самоуправа.

Решението е доставено до:
- Адил Салиу
- Архивата на Општината
- Одделение за финансиски прашања

Број 08-101/2 Општина Маврово и Ростуша
07.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

**43.**

Врз основа на член 75, став 1 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша" број 6/2008 – пречистен текст и 13/2010/, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ" број 05/2002/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша на ден 25.03.2014 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За доделување на финансиска помош

1. Се доделува финансиска помош во износ од 6.000,оо денари на име Руфет Садулаи, од с. Врбјани, а за покривање на трошоци за здраствено лекување.

2. Финансиските средства за оваа намена да се исплатат од Буџетот на Општина 290500010153792 – ТТК Банка АД Скопје.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша.

О б р а з л о ж е н и е

Со писмен допис, до Општината се обрати лицето Руфет Садулаи од с. Врбјани, а за доделување еднократна финансиска помош за покривање на трошоци на лекување на неговото семејство. Исто така наведува дека парите му се потребни, со цел навремено

интервенирање, како и за подмирување на трошоци за лекување и задоволување на основните егзистенционални потреби, а кои не е во можност да ги обезбеди, поради тешката материјална состојба во која се наоѓа неговото семејство. Градоначалникот го прифати барањето и во границите на можностите на Буџетот на општината се произнесе како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да вложи жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение до надлежното Министерство за локална самоуправа.

Решението е доставено до:
- Руфет Садулаи
- Архивата на Општината
- Одделение за финансиски прашања

Број 08-126/2 Општина Маврово и Ростуша
25.03.2014 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Р о с т у ш а Мукрем Мехмеди, с.р.

ИЗДАВА И УРЕДУВА
СЛУЖБА НА ОПШТИНА
МАВРОВО И РОСТУША

======================================

**С О Д Р Ж И Н А**

32. Заклучоци за усвојување Менторскиот акциски план на Комисијата за родова еднаквост на половите за 2014 година на Општина Маврово и Ростуша……………..43

33. Заклучокот за усвојување на Програмата

за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година…………………………………….….43

34. Заклучок за усвојување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година ……………………44

35. Заклучок за усвојување на Програмата за изработка, измена и дополна како и донесување на деталните урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови за вон населено место на територијата на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година………44

36. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на зони и надоместок по зони за трошок за уредување на градежно земјиште на територијата на Општина Маврово и Ростуша ..................................45

37. Одлука за одредување на локации за депонирање на цврст отпад во населените места на територијата на Општина Маврово и Ростуша..................................45

38. Одлука за пристапување кон измена и дополна на дел од Урбанистички план за с.Скудриње..............................................46

39. Одлука за склучување на меморандум за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Маврово и Ростуша и Општина Џинар од Република Албанија.............................47

40.Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Врбен...............47

41. Одлуката за вклопување и усогласување на намените на земјиштето на бесправно изградена трафостаница во иден Урбанистички план за КО Ничпур.............48

42. За доделување на финансиска помош (за Адил Салиу)......................................48

43. За доделување на финансиска помош (за Руфет Садулаи)................................49

**Додаток:**

- Менторски акциски план на Комисијата за родова еднаквост на половите за 2014 година на Општина Маврово и Ростуша…50-54

- Програма за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година ……………………55-64

- Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Маврово и Ростуша за 2014 година……..65-82

- Програма за изработка, измена и дополна како и донесување на Деталните Урбани-

стички Планови, урбанистички планови за
село и урбанитички планови за вон
населено место на територијата на
Општина Маврово и Ростуша за 2014
година.....................................................83-84

- Одлуката за утврдување на зони и
надоместок по зони за трошок за
уредување на градежно земјиште на
територијата на Општина Маврово и
Ростуша.............................................85-86

ИЗДАВА И УРЕДУВА
СЛУЖБА НА ОПШТИНА
МАВРОВО И РОСТУША